**Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем по проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“**

**Службен весник на Р. Македонија бр.114 од 14.09.2009 година**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова – КфВ од Сојузна Република Германија со заем во износ од 8.635.000 ЕВРА, наменет за реализација на проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ .

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

**Член 3**

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 30 години, со вклучен грејс период од десет години.

Годишната каматна стапка е фиксна каматната стапка и истата изнесува 2%.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември секоја година, започнувајќи од 30 декември 2019 година, а завршувајќи на 30 декември 2039 година.

**Член 4**

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија на Кредитната банка за обнова – КфВ во износ од 0,25% од износот на заемот на годишно ниво.

Провизијата од ставот 1 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На износот на заемот кој нема да се плати во предвидените рокови, ќе се плаќа затезна камата во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

**Член 5**

Корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се општините и јавните комунални претпријатија основани од општините, кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Член 6**

За регулирање на правата и обврските помеѓу Република Македонија и корисниците на средствата на заемот од член 5 од овој закон, Министерството за финансии ќе склучи посебни договори за заем.

**Член 7**

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на позајмените средства од корисниците на средствата од заемот од член 5 на овој закон согласно посебните договори за заем од член 6 од овој закон.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".